

# Празник на Светите Апостоли Петар и Павле

***Црквата го празнува овој празник на 12 јули секоја година; а следниот ден е соборниот празник на Дванаесетте големи Апостоли заедно ...***

## *Св. апостол Петар*

Брат на Св. апостол Андреј Првоповикан, син Јонин, од племето Симеоново, од градот Витсаида. Бил рибар и прво се викал Симеон, но Господ благоизволел да го нарече Кифа или Петар (Јован 1, 42). Прв меѓу учениците јасно ја изразил верата во Господ Исус, велејќи: *Ти Си Христос, Син на живиот Бог* (Мат. 16, 16). Неговата љубов кон Господа била голема, а Неговата вера во Него постапно се утврдувала. Кога Господ бил изведен на суд, Петар трипати се одрекол од Него, но само од еден поглед во лицето на Господ душата на апостолот се исполнила со покајание и срам. По слегувањето на Светиот Дух Св. Петар се покажал како неустрашлив и силен проповедник на Евангелието. После една беседа на овој апостол во Ерусалим во верата се обратиле околу три илјади луѓе. Го проповедал Евангелието ширум Палестина и Мала Азија, во Илирија и во Италија. Творел моќни чуда: лекувал болни, воскреснувал мртви; дури и од неговата сенка болните се исцелувале. Имал голема борба со Симон Волхот којшто се претставувал себеси за бог, а всушност бил слуга на ѓаволот. Најпосле го посрамил и го победил. На заповед на свирепиот цар Нерон, пријател на оној Симон, Петар бил осуден на смрт. Откако го поставил Лин за епископ во Рим и го утврдил и утешил Христовото стадо, Петар радосно тргнал на губилиштето. Кога пред себе видел крст, ги замолил џелатите да го распнат наопаку, сметајќи се себеси за недостоен да умре на истиот начин како неговиот Господ. И така тој велик слуга на великиот Господар се упокоил примајќи венец на невенлива слава.

## *Св. апостол Павле*

Родум од Тарс, од племето Венијаминово. Најпрво се викал Савле, учел кај Гамалиил, бил фарисеј и гонител на Христијанството. Во христијанската вера бил чудесно обратен од Самиот Господ, Којшто му се јавил кога патувал за Дамаск. Крштение примил од апостолот Ананија. Тогаш бил наречен Павле и вбројан во службата на големите апостоли. Со пламена ревност го проповедал Евангелието насекаде од границите на Арабија до Шпанија, меѓу Евреите и меѓу незнабожците. Наречен е апостол на незнабожците. Колку што биле страшни неговите страдања

толку било големо неговото натчовечко трпение. Во текот на двете години на неговото проповедање секојдневно висел на тенок конец меѓу животот и смртта. Откако сите тие денови и ноќи ги исполнил со труд и страдања за Христа, откако ја устроил Црквата по многу места и ја достигнал таа мера на совршенството што можел да рече: *не живеам јас, туку Христос живее во мене*, бил убиен во Рим, во времето на царот Нерон, во исто време со апостолот Петар.

## *Од Посланијата на двајцата Апостоли:*

Да зборувам на сите човечки јазици, па дури и на ангелски, ако љубов немам, ќе бидам бакар што ѕвони или кимвал што ѕвечи.

Да имам пророчки дар и да ги знам сите тајни, да ги имам сите знаења за сите работи, а и така силна вера што и планини да преместувам - ако љубов немам, ништо не сум.

И да го раздадам целиот свој имот, да позволам телото да ми изгори - штом љубов немам, ништо не ми користи.

Љубовта е долготрпелива, полна со добрина, љубовта не завидува, љубовта не се превознесува, не се гордее, не прави што е непристојно, не бара свое, не се срди, не мисли зло, на неправда не се радува, а на вистина се радува, сѐ извинува, во сѐ верува, на сѐ се надева, сѐ претрпува.

Љубовта никогаш не престанува, а другото, ако се пророштва, ќе престанат; ако се јазици - ќе замолкнат; ако се знаења - ќе исчезнат.

Оти по нешто знаеме и по нешто пророкуваме;

а кога ќе дојде совршеното, тогаш ќе исчезне делумното.

Кога бев дете, зборував како дете, како дете мислев, како дете размислував; а кога станав маж, го оставив детинското.

Сега гледам нејасно како во огледало, а тогаш - лице в лице; сега знам нешто, а тогаш ќе знам како што сум познат.

А сега остануваат овие три работи: верата, надежта и љубовта; најголема меѓу нив е љубовта.

(1 Кор. 13)

Возљубени, кога така нѐ засака Бог, тоа и ние сме должни да се сакаме еден со друг. Бога никогаш никој не Го видел. Ако се сакаме еден со друг, Бог пребива во нас и љубовта Негова е совршена во нас.

Дека ние пребиваме во Него и Он во нас познаваме по тоа што ни дал од Својот Дух.

И ние видовме и сведочиме дека Отецот Го испрати Синот како Сапситал на светот.

Кој исповеда дека Исус е Син Божји, во него пребива Бог, и тој во Бога.

И ние ја познаваме љубовта која Бог ја има кон нас, и поверувавме во тоа дека Бог е љубов, и дека оној кој пребива во љубовта пребива во Бога, и Бог - во него.

Љубовта во нас се восовршува затоа, за да бидеме слободни на судниот ден; бидејќи како што е Он така сме и ние во овој свет.

Во љубовта страв нема, а свршената љубов го изгонува стравот, бидејќи стравот има мака. Кој се бои, не е совршен во љубовта.

Ние Го сакаме бидејќи Он прв нѐ засака.

Ако некој рече: ‘Го сакам Бога’, а го мрази братот свој, лажец е: оти кој не го сака својот брат, кого го видел, како може да Го сака Бога, Кого не Го видел? И таа заповед ја имаме од Него: кој Го сака Бога, да го сака и братот свој.

(1 Петар 4, 7-21)

Тропар на Светите апостоли Петар и Павле

глас 4:

Првопрестолни меѓу апостолите и учители на вселената, молете Го Владиката на сите, да ѝ даде мир на вселената, а на нашите души голема милост!